**ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА**

**НА МАКЕДОНИЈА - ДОМ**

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ

## - ИЗБЕРИ ЗЕЛЕНО, ДИШИ СЛОБОДНО -

Скопје, март 2013

**Демократска обнова на Македонија - ДОМ**
ул. Никола Вапцаров бр. 18, 1000 Скопје,
Република Македонија
тел: 02/ 3120 901; 3120 902
e-mail: dommakedonija@yahoo.com
www.dom.org.mk

Почитувани сограѓани,

Чест ни е да Ви ја претставиме Програмата за зелени општини на ДОМ за локалните избори 2013, со цврста решеност да ја спроведеме во следниот четиригодишен мандат. Гаранција за тоа ќе бидат советниците од нашите зелени листи, со кои за првпат се појавуваме пред јавноста во Република Македонија.

Велиме за првпат зелени советнички листи, зашто по самостојниот настап на ДОМ на парламентарните избори 2006-та, кога си обезбедивме присуство во Парламентот, ова е прв самостоен настап на локални избори. Повеќе од две години ја градевме нашата програма, заедно со стотици стручни луѓе од академските кругови и стопанството, како и активисти од невладиниот сектор. Таков е и профилот на нашите советници – тука срекавате посветени членови на ДОМ, но и непартиски луѓе, посветени на зелената идеја. Сите нив ги поврзува љубовта кон Македонија, гордоста на својата идеолошка определба и упорноста за добри цели.

Програмата за зелени општини на ДОМ се базира врз Платформата за зелени општини, промовирана лани, на нашиот 6-ти роденден. Ви нудиме солидна конструкција, дом, со четири приоритети:

**ПРВ ПРИОРИТЕТ: Зелени општини за здрав живот** (општини по мерка на човекот, со ефикасна заштита на животната средина, зелени градови, образование, култура и применета наука во општините);

**ВТОР ПРИОРИТЕТ: Зелена економија со зелени работни места** (преку туризам, обновливи енергии, енергетска ефикасност и еко-земјоделие);

**ТРЕТ ПРИОРИТЕТ: Социјална правда и еднакви можности за сите, за мажи и жени** (преку борба со сиромаштијата, дискриминацијата и предрасудите, економско јакнење на жените, грижа за младите, пристап за сите секаде, општествена интеграција

за сите со различна етничка, верска, политичка и сексуална определба);

**ЧЕТВРТИ ПРИОРИТЕТ: Толеранција, разум и соработка** (како наш политички пристап и метод на делување, како основа за развој на демократијата).

ДОМ е стабилен субјект, препознаен од граѓаните во изминатите 7 години како зелена партија која со миroљубив речник упорно го пробива патот на зелените политики – веќе се знае дека се тоа зрели и одговорни политики! ДОМ има јасна цел: се стремиме кон зелена Македонија, европска Македонија, Македонија - наш дом, дом за сите. Тоа го изјавивме во Зелениот манифест од 2008, за да продолжиме со првата Зелена програма за локалните избори 2009. Веднаш по изборите иницираме кампања за Скопје-зелен град и Декларација за зелени општини, што ја потпишаа градоначалници и советници од 31 општина.

Веќе може да се сумираат резултатите од нашите заложби. Ако на почетокот беа малку оние што ја разбираа и поддржуваа зелената опција, времето и настаните направија сите да поминеме низ експресно еколошко освестување. Посебно кога преку ноќ ќе ти никне зграда во дворот и ќе останеш без паркинг, парк и поглед. Или кога дете ќе ти добие алергија од фабричкиот оџак без филтер. Или кога ќе ти дојде висока сметка за струја во новата штотуку изградена куќа.

Каде е ДОМ во сето тоа? ДОМ е на првата линија од фронтот за здрава животна средина, против бизниси и практики што ја загрозуваат и неа и здравјето на луѓето. Ниедно вработување не вреди ако ги разболува луѓето! ДОМ инсистира на зелени вработувања и зелена економија, одржлив развој, обновливи извори на енергија, производство на здрава храна и еко-туризам!

Затоа во изминативе години ДОМ беше прв да каже НЕ за рестартирање на Топилницата во Велес, НЕ за нова Железарница во Неготино, среде лозја, да апелира за загадениот воздух во Скопје, да крене глас против намалувањето на градските паркови, да се бори за пристојно просторно и урбано планирање, за пристапност, за зелен катастар, за градски архитект, за систематско чистење

на земјата, за современ третман на отпадот и водите, за обновливи енергии и енергетска ефикасност. Затоа ДОМ тврди дека на Македонија и треба зелена револуција, која ќе почне во умот, а ќе заврши во природата!

Човекот се оттуѓи од природата, ја искористува беспоштедно и ја потценува. А таа, повредена и лута, му возвраќа. Човекот е тој што мора да запре, да се воздржи, да се замисли и да и се поклони на природата. Зашто и својот постанок и својот опстанок и го должи нејзе. Свртувајќи се кон природата, да се свртиме кон себеси и човечкото во нас.

Со овој хуманистички пристап, активистите на ДОМ се борат за своите идеали, работејќи вредно и упорно на многу нови теми во македонската политика. Работиме систематски, зафаќајќи се за прашања што се маргинализирани, но и за оние што се жешки. Ние им се посветуваме и ги извлекуваме на виделина, за да се видат, осетат и решат.

Почитувани сограѓани, сакајќи ја природата и луѓето, ние од ДОМ си ја сакаме Македонија и веруваме дека токму ЗЕЛЕНА Македонија со ЗЕЛЕНИ општини е најубавата и најбезбедната иднина за сите нас!

Затоа ја праќаме нашата порака: ИЗБЕРИ ЗЕЛЕНО! ДИШИ СЛОБОДНО!

Убедени сме дека ова е правилниот избор за здрав живот и мирна совест! Да се излезе, да се гласа за ЗЕЛЕНОТО, за ДОМ, за силен глас на зелените советници во македонските совети!

**Стори го ова, и ДИШИ СЛОБОДНО!**

# ПРВ ПРИОРИТЕТ

## ЗЕЛЕНИ ОПШТИНИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ

### *Ефикасна заштита на животната средина за подобро здравје на граѓаните*

Интензивната индустријализација и глобализација во последниов век вршат континуиран притисок врз животната средина, преку трошење на природните ресурси, емисија на загадувачки материи во воздухот и отпадни материи во водите и почвата. Како резултат на овие притисоци животната средина постојано се менува. Последиците се видливи во глобални рамки преку климатските промени, а се конкретни и видливи како оштетувања на локално ниво, преку загадување на почвата која не храни, водите што ги пиеме и воздухот што го дишеме. Од ден во ден се зголемува бројот на граѓани кои сметаат дека промените во животната средина влијаат врз здравјето на нивните семејства.

Ние од ДОМ ќе се залагаме за минимална и рационална употреба на ограничените ресурси и максимална употреба на обновливите ресурси, како и за одржлив развој како економски и еколошки концепт.

Советниците на ДОМ ќе се залагаат за зелени општини, како услов за здрав живот, преку:

- ✓ Актуелизирање на проблемите поврзани со индустриските „жешки точки“, особено од 16-те историски загадувања во Република Македонија.
- ✓ Задолжително вклучување на компонентата заштита на животната средина во процесот на донесување одлуки во планските решенија кои се во надлежност на единиците

на локалната самоуправа.

- ✓ Правилно спроведување на процесот за добивање Б интегрирани еколошки дозволи за малите производни капацитети, кои се во надлежност на единиците на локалната самоуправа и континуиран ангажман на локалните инспектори за животна средина за навремено спроведување на мерките пропишани во оперативниот план.
- ✓ Правилна имплементација на стратегиската оцена и оцената на влијанието врз животната средина како сегменти од процесот на донесување одлуки во планските решенија кои се во надлежност на единиците на локалната самоуправа и навремено вклучување на компонентата заштита на животната средина во процесот на донесување одлуки.
- ✓ Зголемување на бројот на инспектори за животна средина.
- ✓ Поддршка за заштита на шумите и шумскиот биодиверзитет и одржливиот начин на нивно користење како важен столб на локалната економија.
- ✓ Заштита на шумите и шумските ресурси од нелегална сеча и трговија со огревно дрво.
- ✓ Мобилност во спречување на шумските пожари и целосно мобилизирање на локалните ресурси.
- ✓ Заштита и одржливо управување со водите и водните ресурси, со третман на отпадните води.
- ✓ Воведување на еколошката ознака за локални традиционални производи како бренд и нивно вклучување во туристичката понуда.
- ✓ Заштита на историски локалитети и делови од природата кои имаат карактер на природно наследство.
- ✓ Имплементација на системот за интегрирано управување со отпад, на општинско ниво.
- ✓ Расчистување на дивите депонии во сите локални заедници.
- ✓ Замена на сите азбестни плочи во јавните установи на подрачјето на општините.
- ✓ Заштита од бучава.
- ✓ Поставување мониторинг станици во близина на индустриски капацитети.

## Проекти:

- **Заштита на подрачја и локалитети во општината со природни вредности, како природно наследство.**
- **Активности за расчистување на дивите депонии.**
- **Еко-патроли кои ќе имаат надлежност за мониторинг на објектите.**
- **Кампањи за подигање на јавната свест и обележување значајни датуми и настани од еколошкиотс календар, особено кај најмладите.**
- **Посвои дрво** – Граѓански активизам за посвојување дрва, со создавање регистар на сертифицирани физички лица кои ќе преземат одговорност да одгледуваат и да се грижат за дрво кое самите ќе го одберат или посадат. Јавните претпријатија ќе им помагаат со совети за успешно одгледување.
- **Компостирање отпадна биомаса од парковите и останатите зелени површини.**
- **Селектирање и рециклирање на отпадот на локално ниво.**
- **Еко-зона за заштита на речните брегови во секоја општина.**
- **Грижа и уредување на зелена површина -** Општините и јавните претпријатија ќе ја поттикнуваат општествената одговорност за зелената инфраструктура на правните и физичките лица (граѓани, претпријатија, куќни совети, училишта, државни и приватни институции, дипломатски претставништва и др.), кои ќе преземат одговорност за развој на зелената инфраструктура во градовите. Овие лица преку донации или директно ќе можат да се вклучат во грижата и уредувањето на одредена зелена површина, а притоа ќе бидат советувани од јавните претпријатија.

## Зелени градови - еколошки здрави места за живот!

Зелен град е компактен систем на живи населби кои зафаќаат малку земја, трошат малку енергија, во градежништвото употребуваат локални градежни материјали, не се подлежни на чести урбанистички и демографски промени, во естетска смисла се споени со пејсажот и ги следат природните циклуси.

Зелен град е еколошки здрав град. Со појавата на современите технологии за искористување на различните енергии (сонце, ветар, вода, биомаса), технологиите за рециклирање, природните материјали за зелено градежништво, појавата на зелените бизниси, можностите за обновување на урбаната животна средина, урбаното градинарство, органското производство на храна, различните модели на транспорт кои ја намалуваат употребата на автомобилите, создаваат можности за поинаков концепт за развој на нашите градови, кој ќе се спротивстави на постоечкиот дисфункционален и проблематичен систем.

Во македонски услови, би требало да се обезбеди и рамномерен регионален развој на земјата, со намалување на притисокот врз Скопје, кој се гуши од пренаселеност, сообраќај и прекумерна градба. Ние во ДОМ велиме дека итно ни треба „дескопјанизација”! Наместо Скопје, да се развиваат другите градови и опшини, да нудат сигурна егзистенција и современи услови за живот. Ова е важно од економски, демографски, социолошки и еколошки аспект.

Поради сево ова, советниците на ДОМ ќе се заложат за концептот за зелени општини, зелени градови, кои ќе бидат места по мерка на човекот и ќе исполнат повеќе параметри:

Животна средина и климатски промени:

- ✓ Спроведување на Законот за зеленило, иницирано од ДОМ во Парламентот на Република Македонија, веднаш по локалните избори 2013.
- ✓ Намалување на јаглеродните емисии за 20% до 2020.
- ✓ Намалување на загадувањата на водата, воздухот и

почвата до прифатливите граници.
- ✓ Креирање сценарија за приспособливост на климатските промени.
- ✓ Одржливо управување со отпадот.
- ✓ Одржливо управување со водите.

Урбанизација и домување:
- ✓ Запазување на хуманите параметри за умерена изграденост.
- ✓ Примена на одржливи методи во урбанизацијата, наместо ад хок решенија.
- ✓ Зголемување на процентот на јавни простори како плоштади, паркови, места за собирање и прошетки.
- ✓ Заложба за зголемување на зеленилото до 25 м² по жител.
- ✓ Поголема понуда на социјални станови од страна на општината.

Транспорт:
- ✓ Изработка на општинска стратегија за одржлив транспорт.
- ✓ Комплетирање на патната инфраструктура.
- ✓ Зголемување на капацитетот на јавниот транспорт и неговата ефикасност.
- ✓ Креирање зелени мрежи за непречено движење на пешаците и велосипедистите.
- ✓ Заложба за функционална патна инфраструктура која треба квалитетно да ги поврзе меѓусебно градските, приградските и руралните средини.

Економија:
- ✓ Привлекување бизниси со чисти технологии и развој на зелена економија со зелени работни места.
- ✓ Создавање програми и проекти за зголемување на иновациите.
- ✓ Помош и поддршка во пристапот до финанасиските инструменти за малите и средните претпријатија.
- ✓ Креирање зелени работни места и намалување на невработеноста.
- ✓ Отворање програми за преквалификација и специјализација за работниците, преку систем на образование на возрасни.

## Проекти:

- **„Скопје зелен град“ - Концепт кој 4 години се предлага од ДОМ, а се однесува на заштита на зелените површини преку редица мерки (институционална заштита на зеленилото, зелен катастар, градски архитект).**
- **Зелен катастар – Инициран од ДОМ во 2011 година, прифатен од Градот Скопје, организирана донаторска конференција, во моментов во застој.** Процесот на изработката на катастарот на зеленилото, би се реализирал во три фази: изработка на електронска база на податоци – попис на зеленилото во градот, изработка на план за развој на зелените површини и спроведување кампања за подигнување на јавната свест за потребата за зачувување и унапредување на урбаното зеленило. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, а со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели.
- **Градски архитект - ДОМ смета дека на Скопје и на уште 13 македонски градови со над 30.000 жители им треба градски архитект, за што во 2012 година предложи измени на закони, прифатени од сите здруженија на архитекти. За жал, законите беа одбиени во Собранието.** Ќе го повториме процесот во изменета форма, зашто сметаме дека градскиот архитект и градскиот совет на архитекти треба да се грижат за обезбедување одржлив и хармоничен урбан развој на градот Скопје како единствена просторна и функционална целина, во насока на квалитетно живеење и заштита на животната средина.
- **Подигање нови паркови** – Во сите градови, а особено во Скопје, како најзагаден град (Парк на младенците).
- **Зелени покриви** – Зеленило на покривите и терасите, за жителите во градското јадро.
- **Координативно тело за креирање концепциска рамка за зелен град -** Координативното тело ќе има задача да подготви концепциска рамка за отпочнување на

процесот на трансформација кон Зелен Град, притоа ќе бидат консултирани искуствата од постојните зелени градови во Европа и светот и мислењата и предлозите на граѓаните и стручната јавност.

- **Кластер за зелен град** - Фокусна точка на поврзување помеѓу компаниите и институциите од областите на животната средина, обновливите извори на енергија, енергетската ефикасност, градежништво, транспортот. Кластерот преку активности и креирање заедничка платформа за соработка ќе истражува и развива иновативни продукти и услуги со кои би се позиционирале во иднина на пазарот.
- **Зелен технолошки инкубатор** - Општините во соработка со бизнис секторот, универзитетите, научно-истражувачките центри, самостојните иноватори и други заинтересирани страни ќе иницираат формирање на Зелени технолошки инкубатори, кои ќе имаат за цел да експериментираат и да креираат продукти кои потоа преку трансфер на знаење и искуство ќе бидат применети во стопанството.
- **Зелена зона – Проект предложен од ДОМ во 2012 година, според германско искуство од Берлин, каде ја намалил загаденоста на воздухот за 30% во рок од 3 години.** Предвидува рестриктивно движење низ централното градско подрачје на возила кои не ги исполнуваат минималните Еуро стандарди за квалитет на дизел или за бензин горивата. Со овој проект ќе се намали загадувањето во централното градско подрачје и сообраќајниот метеж, а ќе се стимулира употребата на јавниот транспорт.
- **Формирање локални центри од втор и трет степен** - Овие центри ќе овозможат независно и автономно функционирање на градските четврти и општините во целина. Со самиот факт дека новите центри ќе понудат голем број јавни содржини за граѓаните, главниот центар на Скопје ќе биде значително помалку оптоварен.
- **Изработка на студија за подземна железница во должина на Град Скопје (исток – запад) како еколошка алтернатива на сегашниот јавен транспорт.**

- **Вело 24/365** - Проект со кој ќе се промовира велосипедизмот како одржлив транспорт во урбаните средини, особено во поголемите градски центри како Скопје, Битола, Куманово, Охрид, Тетово, Струмица, Штип и други во текот на целата година, со поголем број пунктови од каде граѓаните и туристите ќе можат да изнајмат ефтин транспорт за извршување на нивните работни обврски или рекреативни активности. Целта е да се намали сообраќајниот метеж, да се намали загадувањето на воздухот и бучавата. Ќе се реализира како јавно - приватно партнерство. Проектот е надградба на веќе постоечкиот во Скопје, кој функционира само во потоплите годишни времиња.

## *Образование*

Сите сегменти на човековото живеење, стекнување на знаењата, вештини, самокритичност, самодоверба, иновативност, почитување на различности, почитување на културно наследство, јазик, заштита на животна средина, развивање на еко туризам и се друго, не се стекнуваат преку ноќ, со закони или правилници туку со систематско вградување на етички особини од најмала возраст, и само на тој начин ќе имаме граѓани со трајно врежана култура на демократско однесување и здраво живеење.

Образованието е одредено со национални рамки, но преку општините и ЗЕЛС исто така може да се делува во интензивирање на суштинското приближување на нашето образование кон европското.

За подобрување на состојбите во образованието ДОМ ќе се залага за следните приоритети:

- ✓ Воведување задолжително „еколошко“ образование во основните и средни училишта.
- ✓ Издвојување повеќе финансиски средства од локалните буџети за образованието.
- ✓ Креирање на потребните струки и профили според

потребите на локалниот пазар (во соработка со агенција за вработување).
- ✓ Реконструкција на сите училишта и во смисла на енергетска ефикасност, замена на сите прозорци, санација на подовите и санитарните јазли.
- ✓ Особена грижа за децата со посебни потреби, децата без родители, деца од семејства со ниски примања, за да можат непречено да учат и да се вклучени во заедницата.
- ✓ Архитектонски решенија за пристап на ученици со физичко ограничување.
- ✓ Образовен систем во духот на толеранција и недискриминација.
- ✓ Задолжително сексуално образование на млади до 18 години.

**Проекти:**

- **Општински стипендии за дефицитарни струки.**
- **Зелен појас во училишните дворови и градинките, со дрвја како заштита од прометните издувни гасови, прашини и бука.**
- **Поттикнување на волонтеризам меѓу средношколската младина.**
- **Натпревари за иновации кај средношколците (еколошки, технолошки, биолошки).**

## *Култура и креативна индустрија*

Културата е највпечатливиот и најмоќниот национален белег по кој една земја се препознава и афирмира во светот. Слободата на творештвото е основниот елемент за секоја култура во цивилизираните и демократските општества. Еден од главните приоритети на ДОМ е прифаќањето и афирмацијата на вистинските вредности на индивидуалното творештво, кое ќе нè интегрира во современите текови на европската и светската култура.

Локалните заедници имаат свои културни, традиционални, обичајни специфики за кои ДОМ се залага да се зачуваат и промовираат не само на локално ниво туку и пошироко. Богатството на македонската традиција е во разновидноста на локално автентичните уметнички изрази. Ние ќе настојуваме таа автентичност да се зачува од напливот на туѓи влијанија кои би ја обезличиле и уништиле. Исто така веруваме дека уметноста и културата не се создаваат само во урбаните центри туку дека креативниот потенцијал за создавање трајни уметнички вредности лежи насекаде и дека со негово стимулирање и создавање на соодветни услови за творење уметноста треба и може да се децентрализира и дескопјанизира.

Приоритетите на ДОМ во областа на културата на општинско ниво ќе се остваруваат преку:

- ✓ Грижа за заштита на македонскиот национален и културен идентитет, македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.
- ✓ Стриктна примена на одредбите од Законот за употреба и заштита на македонскиот јазик во секојдневниот живот.
- ✓ Непречено негување на културниот идентитет на сите заедници што живеат во Република Македонија, преку учење и употреба на својот мајчин јазик во секојдневниот живот и во творештвото.
- ✓ Оспособување на делови од културата за самофинансирање и пазарно дејствување.
- ✓ Анимирање, промоција и поддршка на креативната индустрија на локално ниво.
- ✓ Создавање тимови од професионалци кои ќе ги раководат и организираат културните институции, ќе се грижат за обезбедување алтернативни извори на финансирање и ќе го промовираат културниот производ.
- ✓ Промовирање на проекти од сферата на еко-дизајнот како култура на живеење.
- ✓ Поддршка на ликовната уметност преку формирање меѓународни ликовни колонии.
- ✓ Локални уметнички работилници за заживување на старите, заборавени занаети кои би се преточиле во модерна форма и апликација и др.
- ✓ Поголема поддршка на алтернативната сцена што ја

сочинуваат независните културни организации, самостојните уметници (особено младите), книжевници, куратори.
- ✓ Поддршка на индустријата во брендирањето и креирањето на локални културни и туристички производи и сувенири.
- ✓ Реорганизација или пренамена на објекти, односно затворени фабрики, хангари, скривници, некогашни кино сали, домови на културата и сл. во културни цели.
- ✓ Поддршка за формирање нови и афирмација на постојните локални и тематски музеи и музејски збирки во насока на промоција на локалното и регионалното културно наследство.

## Проекти:

- **Проекти за афирмација на неафирмираните уметници, креативни автори, дизајнери, уметнички занаетчии и аматери во уметноста**
- **Формирање Кластер на креативна индустрија во општината** - Преку воспоставена тесна соработка со културните работници и креативци ќе се заложат за формирање на креативни кластери во секоја општина во Република Македонија како можност за стимулирање на културната економија и креирање нови културни производи за стимулација на економијата и намалување на невработеноста.
- **Формирање општински сектор за култура и креативна индустрија** - Секторот ќе има за цел да развива програми, проекти, да креира политики и да претставува информативна точка на културните и креативните работници и претпријатија од територијата на општината.
- **Создавање културно–креативни јадра** - Ставање во функција на напуштени објекти како културни јадра за културни настани (музички проби и изведби, простор за изложби, алтернативен театар, литературни читања, забави, концерти, претстави, промоции на книги, саеми на производи на културата, фестивали) каде младите креативни луѓе ќе се промовираат во општествениот и социјалниот живот преку своето уметничко и креативно

изразување.
- **Создавање програма „Млади културни дејци“ и поддршка на младите во областа на културата.**
- **Зелена градска галерија** - Зелената градска галерија ќе има функција да презентира ликовни изложби и проекти поврзани со екологијата, изложби од рециклирани материјали и сферата на еко дизајнот.

## *Спорт*

Спортот е еден од најзначајните репрезенти на секоја држава, на меѓународен план. Успесите во спортот се мотиватор на целото општество и силен кохезионен елемент. Спортот, независно дали е аматерски или професионален, придонесува за подобрување на здравјето на лицата кои го практицираат.

Преку јакнењето и поттикнувањето на соработката помеѓу локалната самоуправа, невладиниот сектор и граѓаните во смисла на подобрување на организацискиот модел, веруваме дека ќе се постигнат поефикасни резултати во развојот на севкупниот спорт во нашата земја.

Заради тоа советниците на ДОМ во општинските совети ќе се залагаат за:

- ✓ Поголема масовност во спортот, како и поголема достапност на спортско–рекреативните содржини до сите граѓани;
- ✓ Воведување на организирани спортски активности на спортските терени кои се на располагање на локалното население, прилагодени за сите возрасти;
- ✓ Ангажирање на дополнителен стручен кадар кој ќе ги спроведува спортските активности и кој што воедно ќе го едуцира населението за придобивките од бавењето со спорт и со процесот на создавање на здрави навики;
- ✓ Интензивна едукација на населението со цел на нивно запознавање со најчестите заболувања кај децата и возрасните (деформитети на рбет, прекумерна телесна

тежина, остеопороза, итн) и превенција од истите;

- ✓ Овозможување да се бават со спорт и најранливите категории во општеството (деца и лица кои примаaат социјална помош, деца на самохрани родители, лица со посебни потреби и други категории);
- ✓ Поддршка во изградба на базени и затворени спортски објекти кои ќе бидат на располагање на локалното население;
- ✓ Јакнење на училишниот спорт и неговата позитивна улога во борбата против пороците;
- ✓ Воведување на програми со спортско–рекреативни содржини наменети за повозрасните категории на граѓани и пензионерите;

## Проекти:

- **Маратонска трка во чест на денот на Општината**
- **Кампања: Едуцирај се, за здраво семејство** - Оваа кампања ќе се организира со цел на едуцирање на населението за заболувањата кои се последица на сé поголемата неактивност како кај децата така и кај возрасните.
- **Вози велосипед со мама и тато** - Организирање на семејно рекреативно возење на велосипед за време на викендите. Целта на овој проект се подобрување на моторичките способости кај децата, создавање на здрави навики и секако јакнење на семејството како примарна институција на децата.
- **Пешачи и биди здрав** - Организирано пешачење и изведување на наједноставни гимнастички вежби со пунктови за мерење на шеќер и крвен притисок, кои ќе се изведуваат во рамките на општините во деловите наменети за спорт и рекреација. Овие активности се наменети за повозраните жители и пензионерите, со цел подобрување на здравстената состојба, дружење и подобрување на квалитетот на животот во целина.
- **Масовни спортски активности за граѓаните** - Организирање на најразлични спортски активности (јога, пилатес и гимнастика. Активностите ќе се изведуваат на зелените

површини (парковите) во рамките на општините.

- **Подигнување на нивото на организацијата на училишниот спорт**

- ***Сончеви панели за топла вода за секој дом, училиште, болница...***
- ***50-80% помали сметки за струја***
- ***Едукација за примена на современи технологии во секојдневниот живот***

## ВТОР ПРИОРИТЕТ

# ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА
# СО ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

### *Зелен начин за економски, социјален и еколошки напредок*

Озеленувањето на економијата треба да се сфати како нов начин за напредок, извор на нови одржливи работни места, алатка за искоренување на сиромаштијата, метод за одржлива заштита на животната средина. Транзицијата кон зелена економија е почетокот на стратегијата за одржлив развој, особено на локално ниво. Таа отвара можности за граѓаните, за малите и средните претпријатија (МСП), за општинските власти.

Зелените работни места, кои се креираат со зелената економија најчесто се локално ориентирани, бидејќи потребата од нив е итна и во градежништвото и во активностите за заштита или употреба на природните ресурси, како што се: инсталација и одржување на системи од/за обновливи извори на енергија, алтернативен транспорт, инсталирање и изградба на опрема и материјали за енергетска ефикасност, заштита и управување на водата и водните ресурси, современо управување со отпадот, зелено градежништво, рециклирање, локален одржлив систем за производство и дистрибуција на храна, чистење и конзервација на почвите и водите, одржливо управување во дрвната индустрија итн.

Затоа, советниците на ДОМ во општинските совети ќе се заложат за:

- ✓ Јакнење и поддршка на деловниот сектор кој оди во насока на заштита на животната средина (вклучувајќи промовирање на инвестиции во инфраструктурата која ги поддржува сите аспекти на одржливиот развој, од отворање нови зелени работни места, преку поддршка и јакнење на стручните капацитети, до заштитата на животната средина).
- ✓ Унапредување на социјалната вклученост и намалување на сиромаштијата (вклучувајќи мерки за намалување на сиромаштијата, борба против нееднаквоста, поддршка за нови зелени работни места и намалување на невработеноста на локално ниво).
- ✓ Промоција на меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка (вклучувајќи иницијативи за соработка, проекти за економско јакнење, проекти за билатерална размена на знаења и експертиза).
- ✓ Воведување систем за „Зелени јавни набавки". Зелените јавни набавки, покрај за цената на чинење, водат сметка и за животната средина и социјалната компоненета, а значително ниво на учество во носењето одлука има и јавноста.
- ✓ Идентификување на работните места и тренинг програмите со можности за развој на потребните зелени работни места.
- ✓ Засилување на процесот на креирање соодветни тренинг програми за лица на кои им треба преквалификација.
- ✓ Обезбедување на систем во кои зелните работни места ќе се препознаат како квалитетни работни позиции и можност за градење систем на кариера.

## Проекти:

- **Општински регистар на претпријатија со активности насочени во зелената економија и претпријатија во фаза на трансформација кон зелена економија.**
- **Изготвување на софтверска програма за прибирање, мониторинг и анализа на економските потенцијали, капацитети и можности во општината.**
- **Создавање Акционен план за креирање Зелени работни места -** Со акцискиот план ќе се утврдат потре-

бите од работни зафати (приватен и јавен сектор) во општината и каде се можностите за креирање зелени работни места, потребите од секторски обуки, профилот на потребни работни позиции притоа водејќи сметка за економските и социјалните потреби на работоспособното население.

- **Центар за обука за зелени работни места -** Создавањето на Центарот за обука за зелени работни места општината ќе го реализира со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Коморите односно бизнис заедницата од општината и образовните институции, а во него ќе бидат застапени програми за зелените работни места, односно, оспособување или преквалификација на заинтересирани граѓани кои подолго време се без работа, жени жртви на семејно насилство, лица со посебни потреби, лица од маргинализирани заедници и други.
- **Берза на зелени работни места -** Општината во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација ќе креира интернет страна Берза на зелени работни места, на која ќе се поставуваат огласи од обучени „зелени“ работници, работодавци (претпријатија или индивидуалци кои имаат потреба од сервисна услуга), тренинг програми, новитети од областа на зелената економија и најдобри практики. Ова ќе биде алатка преку која оспособените „зелени“ работници ќе можат полесно да дојдат до вработување/работа.
- **Општински дневник за зелени проекти -** Општините ќе ги примаат и архивираат предлозите на граѓаните за подобрување на условите во кои живеат, работат, спортуваат. Предлозите се презентираат јавно преку веб-страницата на Општината, и на секои три месеци преку анкета се избира најдобар предлог кој во иднина ќе биде реализиаран како општински проект за одржлив развој.

# Еко – туризам

Туризмот е еден од приоритетите на ДОМ од самото негово основање. Во изминатите седум години интензивно работевме на реализацијата на нашите заложби за туризмот и ефектите се денес повеќе од очигледни: интересот на странските туристи за посета на Македонија е значително зголемен; зголемен е интересот на домашните и странските субјекти за инвестирање во туризмот; туристичката понуда полека но сигурно се шири, а локалните самоуправи во досега запоставените региони ја гледаат иднината во развојот на туризмот.

Насоката во која ДОМ го гледа развојот на туризмот е тнр. еко-туризам, односно секој вид туризам кој нема да ја наруши животната средина туку ќе ја унапреди, кој ќе ги зачува и истакне традиционалните и автохтони природни, културни и обичајни вредности на секое подрачје во Македонија: архитектурата, пејзажот, музиката, храната, занаетите, обичаите, танците.., сето она што нашите туристички дестинации ги прави различни од сите други. Руралниот, културниот, здравствениот, спа, рекреативниот туризам се гранките на туризмот за кои Македонија има огромни потенцијали.

Советниците на ДОМ во своите општини ќе се залагаат за:

1. Создавање предуслови за развој на еко туризмот,

- ✓ Одржување на чистотата на во градовите и селата на високо ниво, чистење на дивите депонии и целосно функционирање на легалните депонии,
- ✓ Одржување на постоечкото зеленило и оформување на нови зелени простори (тревници, паркови, дрвореди),
- ✓ Да се мапираат објектите од интерес за туристите и ќе се погрижат да бидат репрезентативни и отворени за посети,
- ✓ Утврдување на календарот на културни, забавни и спортски настани кои би биле туристички атрактивни за наредните четири години,
- ✓ Висок степен на организирање на настаните кои би ја истакнувале нашата култура и традиција привлечни за туристи од секој аспект.

2. Регулирање на сообраќајот
- ✓ Поставување табли за битните туристички места и јасни и видливи патокази низ сообраќајниците во градовите, како што се: Охрид, Преспа, Вевчани, Дојран, Национални паркови, Споменици на природата, Историски локалитети, локални Музеи, етно села,
- ✓ Организира јавниот и такси превозот, вклучително и кон селата и позначајните туристички атракции надвор од населените места,
- ✓ Обезбедување простор за велосипеди низ сообраќајниците во градот и инвестиции за изнајмување велосипеди, мапирање и обележување на велосипедски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со велосипедски патеки,
- ✓ мапирање и обележување на планинарски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со планинарски патеки,

3. Грижа за безбедноста на туристите
- ✓ Во соработка со безбедносните и социјалните служби да се преземат мерки да се отстранат децата питачи и децата продавачи кои им додеваат на туристите, а не ретко и ги ограбуваат
- ✓ За преземање мерки кои ќе осигураат безбедност на туристите на највисоко ниво во било кој аспект: од сместувањето до активностите што можат туристите да ги имаат во текот на престојот во нивната општина

4. Развој на сместувачките капацитети
- ✓ За овозможување и стимулирање на приватни инвестиции во авто кампови, мотели, хотели, апартмани и други типови на сместувачки капацитети низ целата територија на општината
- ✓ Принципиелно спроведување на прописите за категоризација на сместувачките објекти кои се во нивна надлежност
- ✓ Стимулирање на угостителските објекти кои нудат традиционална македонска домашна храна и пијалоци
- ✓ Стимулирање на приватната иницијатива за производство на традиционални производи и за традиционалните занаети

5. Локална Стратегија за развој на туризмот
- ✓ Утврдување на туристичките теми во кои општината има или може да има конкурентна предност и ќе го насочуваат самоодржливиот развој во таа насока преку јавни и приватни инвестиции
- ✓ Соработка со соседните општини и регионот за самоодржлив развој на регионални туристички производи од одредена туристичка тема за која регионот има или би можел да има конкурентна предност
- ✓ Основање на туристички информативни центри со обучен кадар кои навистина ќе работат, а во кои туристите ќе можат да се информираат за се што ги интересира и да добијат информативни материјали и услуга од обучен водич до туристичките атракции на местото
- ✓ За изработување на атрактивни, естетски дизајнирани промотивни материјали и ќе ги промовираат општините како туристички дестинации за одбраните туристички теми (природа, активности во природата, храна и вино, шопинг, забава, здравствен туризам, културен, рурален, спортски, конгресен туризам, традиција, обичаи, историја, “leasure”)

6. Едукација на локалното население за еко туризмот
- ✓ Едукација за принципите на еко туризмот и придобивките од неговиот развој
- ✓ Едукација за зачувување, негување и промовирање на традиционалните вредности во архитектурата, пејзажот, занаетите, угостителската понуда, обичаите, музиката, археолошките локалитети, црквите, манастирите, производство на органска храна...
- ✓ Едукација и стручна помош за изготвување и реализирање на бизнис планови

## Проекти:

- **Изготвување и реализрање на едукативни работилници на различни теми наменети за обука на локалното население заинтересирано за инвестирање во мали семејни еко-туристички бизниси или за работа како локални водичи.**

- **Креирање на туристички тури и програми за посети на туристите на локалните атракции.**
- **Иницијативи за изградба на едно еко-етно село во секој од планските региони на Република Македонија.**
- **Развој на еко-туризам преку планинарски патеки** - Промовирање на еко-туризмот преку поврзување на општините во Македонија со Европската мрежа на планинарски патеки и нивно мапирање и инфраструктурно уредување и опремување.
- **Стари занаети за новото време** - Со овој проект се предвидува оживување на старите занаети во насока на подобрување на економската положба на невработените (особено) жени и зајакнување на женското претприемништво. Целта е да се формираат (женски) бизнис здруженија за производство, дистрибуција и промоција на стандардизирани рачно изработени сувенири.

## *Обновлива енергија за намалување на климатските промени и постигнување одржливост*

ДОМ се залага за револуција со обновливите извори на енергија како сонцето, ветерот, геотермалната вода, биомасата, кои не само што драстично ќе го намалат загадувањето, туку ќе овозможи промовирање и реален премин кон технолошки промени, ќе се зголеми енергетската безбедност и ќе се намали енергетската сиромаштија и заштитата на македонските граѓани и македонската индустрија од глобалните енергетски ценовни шокови.

ДОМ преку советите на општините енергично ќе се посвети на реализација на следните приоритети:

- ✓ Преземање иницијативи од локалните самоуправи, обновливите енергии произведени во индивидуалните станбени објекти да се приклучат на електрична мрежа.
- ✓ Широка употреба на обновливите извори на енергија во сите индивидуални и јавни објекти како градинки, школи,

интернати, болници, библиотеки, преку инсталација на сочеви колектори за струја и топла вода.

- ✓ Преземање иницијативи за јавно-приватно партнерство или привлекување инвеститори, со кое ќе се овозможи инсталација на барем еден енергетски капацитет од обновливи извори на енергија во секоја општина на Република Македонија.
- ✓ Стимулација на бизниси кои работат на полето на обновливи извори на енергија.
- ✓ Изготвување студии за искористување на ОИЕ на територијата на општините.
- ✓ Пренамена на земјиште за изградба на енергетски капацитети од обновливи извори на енергија.

## Проекти:

- **Субвенционирање на домаќинства -** Субвенционирање на домаќинства кои ќе постават инсталации за употреба на обновливи извори на енергија (сончеви колектори, ветерници, геотермална енергија, биогас, биомаса),
- **Субвенционирање земјоделски стопанства -** Субвенционирање на регистрирани земјоделски (полјоделски или сточарски) стопанства во приватна сопственост, кои ќе постават инсталации за употреба на обновливи извори на енергија (сончеви колектори, ветерна енергија, геотермална енергија, биоенергија) во своите производни капацитети.
- **Улично осветлување од сончева енергија** - Во наредниот 4-годишен период, ќе се посветиме, во секоја општина од Македонија за уличното осветлување да се користат LED диоди, најмалку на 20% од вкупното улично осветлување во општината.
- **Формирање на канцеларија за ОИЕ** - Во секоја општина ќе се формира канцеларија за искористување на ОИЕ. Целта на канцеларијата ќе биде да изработи истражувања, анализи, студии и да подготви стратегии за употреба на ОИЕ во локалниот економски развој. Исто така Канцеларијата за ОИЕ ќе спроведува кампањи и

промоции за подигање на свеста кај граѓаните за ОИЕ и бенефитите од употребата. Овие канцеларии ќе бидат и контакт точки за заинтересираните инвеститори, ќе пружаат административна помош за реализација на енергетски капацитети, ќе имаат советодавна улога за домаќинствата кои ќе инсталираат инсталации за употреба на ОИЕ,

- **Натпревар - Иновации во ОИЕ** - Канцеларијата за ОИЕ ќе организира и годишни натпревари за иновација во ОИЕ. На овие натпревари со свои иновативни проекти ќе учествуваат поединци, мали и средни претпријатија кои преку иновативен пристап или новитет ќе овозможат поефикасна употреба на ОИЕ, иновативна опрема или инсталација за ОИЕ, поефтини начини за искористување на ОИЕ,
- **ОИЕ за топли градинки и училишта** - Задолжително поставување на системи од ОИЕ (сонце, биомаса, геотерми) во училиштата и градинките низ општините во Македонија. На овој начин ќе се намалат постојните трошоци за енергенси за затоплување со нафта, јаглен, дрво, конвенционална електрична енергија, мазут.
- **Општински фонд за ИОЕ -** Граѓанско финансирање за проекти за обновлива енергија во општините од Република Македонија - Проектот ќе биде граѓанска инвестициска платформа во општините на Македонија, која ќе им овозможи на граѓаните да инвестираат во нивната долгорочна енергетска иднина со минимум финансиски средства. Целта е да се поврзат поединците, локалните самоуправи и бизнис заедницата од ова поле со проекти за обновлива енергија и преку едно демократско инвестирање заедно директно да учествуваат во корист на производството на електрична или топлинска енергија. Ова е проект за долгорочно инвестирање во енергетски капацитети.
- **Јавни соларни (фотоволтаични) полначи за електронски преносливи уреди** - Поставување на Јавни соларни полначи на електронски уреди кои трајно се поставуваат на прометни јавни места како улиците, парковите и плоштадите. Со ова на минувачите им

се овозможува бесплатно да ги дополнат батериите од своите електронски уреди (мобилни телефони, лап топ компјутери) со енергија добиена од соларни фотоволтаични панели. Покрај практичната примена со овој проект ќе се подигне и јавната свест за енергетскиот потенцијал на обновливите извори на енергија.

## *Енергетска ефикасност нов извор на енергија*

Енергетската ефикасност преставува намалена потрошувачка на енергија како за затоплување, така и за ладење на просторите во кои живееме. Инвестициите во енергетски ефикасни градби, со термо изолациони материјали и штедливи извори на греење, придонесуваат за севкупна заштеда на енергија и пари.

Ние како генерација мораме да ги искористиме веќе постоечките начини за заштеда на енергија. Македонија мора да посвети многу поголем приоритет на енергетската ефикасност, на исполнување на обврзувачката цел да се намали потрошувачката на енергија до 20% до 2020 година, како и да ги поддржи и унапреди интелигентните дизајни и технологии за греење и ладење во индустријата и во секторот за домување.

Крајно време е енергетската ефикасност да ја сметаме за нов извор на енергија. Тоа е најевтиниот и најчист извор на енергија, затоа што ова е енергијата која до сега несовесно ја расфрлавме.

### Проекти:

- **Обезбедување општински стимулативни мерки** за намалување на потрошувачката на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во индивидуалните станбени, деловни и индустриски објекти.
- **Енергетски ефикасна санација -** Со овој проект/програма се предвидува реставрација или реновирање на стари

згради од јавен карактер (училишта, амбуланти, болници, градинки, спортски сали, административни згради и други) во кои не се преземени активности за енергетска ефикасност и намалување на потрошувачката на енергија. Проектот опфаќа: изолација, децентрализирано снабдување со електрична енергија, поставување на комбинирани системи за греење и ладење. Првично ќе бидат опфатени енергетски најнеефикасните објекти во општините.

## *Со зелено земјоделство до здрава храна*

Во земјоделството, заради се поголемата потреба од храна, се употребуваат интензивни земјоделски методи за производство на растителни и животински култури.

Модерното (индустриско) земјоделство употребува пестициди, ѓубрива и хормони за раст кај животните, кое ги зголемува приносите, но од друга страна тоа покренува прашања во врска со здравјето на луѓето и почвите. Од ДОМ сметаме дека сегашните интензивни земјоделски практики треба да се заменат со позелени земјоделски методи. Тоа предвидува изградба на одржливо земјоделство и сточарство кое ќе произведува сезонска, здрава и локална храна. Преку зеленото земјоделство ќе се обезбедат голем број на квалитетни зелени работни места.

Глобалната трговија со прехрамбени производи, користејќи ги политиките за безбедност на храната, предизвика масовно затворање на малите локални преработувачки капацитети. Сега имаме здравствено исправни производи со непознато потекло, полни со адитиви и емулгатори, засилувачи на вкус, со неограничен рок на траење. А тврдиме дека се грижиме за здравјето на потрошувачите.

ДОМ преку Советите ќе се заложи за општински политики кои повикуваат на:

- ✓ Аграрна и рурална политика за производство на храна која ќе придонесе во заштитата на животната средина и

создавање услови за развој на фер трговија,
- ✓ Општински среднорочни планови за развој на земјоделско производство во насока на зголемување на одржливо производство на храна, нови вработувања и обновување на селата,
- ✓ Иницијативи за преминување од интензивното небезбедно земјоделство кон безбедно и органско земјоделство со примена на научни методи,
- ✓ Инвестиции во подобро управување со природните ресурси – почва, вода, биодиверзитет,
- ✓ Искористување на земјоделската биомаса како обновлив извор на енергија (слама, лозови резници, отпадоци од овошни дрвја, оризова арпа, арско ѓубре за биогас и друго).
- ✓ Поддршка за равој на локални капацитети за локални пазари и потрошувачи,
- ✓ Директно поврзување на производителите со потрошувачите преку поставување на договорно производство, посебно на локални органски производи со потврдени вредности. Примерот на задолжителна употреба на органски производи и здраво приготвена храна во исхраната на најмладата популација во градинки, школи, интернати и болници, во некои европски земји ја потврдија загриженоста за здравјето на идните генерации.

## Проекти:

- **Сигурно здравје за нашите деца -** Проект за воведување органски производи и здраво приготвена храна во исхраната на најосетливите категории младо население во градинки, основни училишта, детски болници и установи за деца. Плански настап на органските производители за снабдување на јавните установи со потребните прехрамбени органски производи во текот на цела година.
- **Зелени школски инкубатори** - Облагородувањето на животната средина со украсни растенија, цвеќиња и дрвца треба да се постави како цел во секое училиште во општините. Преку едукација на децата од најраните

години, ќе се развие свеста за значењето на заштитата и чувањето на природата во секојдневното живеење во урбаните средини. Поставување „зелени инкубатори“ или ботанички градини во мал пластеник во секое училиште практично ќе го едуцира децата за начинот на одгледување растенија (украсни, зеленчук, зачински и ароматични), жбунести и дрвца за пошумување.

- **Озеленување на површини во градовите со цвеќиња и дрвца произведени од страна на децата** - Општините преку училиштата ќе организираат пошумување на приградските површини (голини, ридови, депонии, ерозивни површини, речни брегови и друго) со помош на училиштата и децата. Садниците произведени од училиштата и дополнети од ЈП Македонски шуми со шумски дрвца ќе се засадат на локации во близина на градовите кои во иднина ќе бидат погодни излетишта за децата и граѓаните.
- **Обновливи извори на енергија за наводнување** - Општината ќе субвенционира земјоделски стопанства со дел од сумата, оние кои процесот на наводнување ќе го изведат преку системот капка по капка со пумпи кои употребуваат обновливи извори на енергија. Со ова ќе се обезбеди прецизно и ефикасно наводнување на поединечни растенија, ќе се намалат загубите на вода, а ќе се оствари можност и за користење на обработливо земјоделско земјиште кое нема близок пристап до вода. Ова е атрактивна алтернатива на најчесто застапеното наводнување со дизел пумпи и дава голема поддршка на одржливото земјоделство.
- **Еко-зони во Општините** - Секоја Општина треба да има прогласено „Граѓанска еко-зона“ на своја територија, и тоа по избор на граѓаните, со цел зголемена грижа на Општината за заштита на таа површина од загадување, сечење дрва, прекопување и други негативни последици од урбано градење.
- **Ефтино и свежо од кај комшијата!** - Проект со кој ќе се стимулира потрошувачката на локално произведени земјоделски, сточарски и прехранбени продукти. Со проектот е предвидено врзување во договорен систем

на производителите, дистрибутерите и трговската мрежа, а со цел на потрошувачите да им се обезбеди здрава, еколошка храна од локално производство по пристапни цени. Локалните самоуправи ќе бидат гарант на успешноста на проектот и ќе се грижат за неговата одржливост.

- **Ремедијација (пречистување) на загадена почва преку земјоделство -** Ремедијацијата на загадената почва ќе се изврши на оние почви каде е констатирана висока концентрација на опасни хемиски елементи и супстанци по здравјето на граѓаните и животната средина. Локалната власт во соработка со деловен субјект по принципот на јавно приватно партнерство ќе преземат активност за реализација на овој проект. На овие почви ќе бидат засадувани растенија кои имаат способност да ги абсорбираат хемиските елементи и супстанците. Добиената реколта ќе биде употребувана за производство на био горива.

## ТРЕТ ПРИОРИТЕТ

# СОЦИЈАЛНА ПРАВДА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ, ЗА МАЖИ И ЖЕНИ

### *Социјална политика и еднакви можности*

Во Република Македонија социјалната заштита на граѓаните државата ја остварува во согласност со начелото на социјална праведност, загарантирано со Уставот.

Во таа насока преку своето дејствување ДОМ се залага за доследно почитување на концептот на човекови права, вклучувајќи го правото на слобода и информирност, недискриминација, еднаков пристап.

ДОМ како зелена партија се бори за економско јакнење на жените, зашто економската независност е предуслов за достоинствен живот на жените и нивните семејства, но и за севкупен развој на државата. Затоа, преку **Форумот на жени на ДОМ** на почетокот на 2013 година поведе кампања за економско јакнење на жените, за чија реализација е потребна заедничка акција на комисиите за еднакви можности, но и на други институции на национално и локално ниво.

Иницијативата на ДОМ во 2011 година за ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со хендикеп, беше прифатена од Владата и од Собранието. Сега е фазата на имплементација, која во многу сегменти се спроведува преку локалната самоуправа.

Предлог мерки за унапредување на социјалната политика и воспоставување на систем на еднакви можности:

- ✓ Процена на локалните ресурси и потреби за да се оценат капацитетите на локалните самоуправи. Ова треба да води кон подобрен пристап и ефикасност на системот за социјална заштита;
- ✓ Донесување акциски планови за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку подобро користење на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените услови на сите граѓани;
- ✓ Воспоставување механизми за подобрување на статусот на најранливите категории граѓани и за запазување на принципот на еднакви можности и недискриминација.
- ✓ Доекипирање на училиштата и градинките со дефектолози, логопеди, психолози и други стручни лица.
- ✓ Функционално јакнење на локалните комисии за еднакви можности во советите на општините.
- ✓ Ефективна примена на законските одредби за борба против мобингот на работното место.
- ✓ Зголемување на поддршката на жените при основање приватни фирми , преку даночни олеснувања, кредитни линии или бенефиции кон фирмите каде менаџерскиот тим е од женски состав или каде доминираат женски работни позиции.
- ✓ Поголема застапеност на жени – управители и претставници во управни и надзорни одбори.
- ✓ Едукации на жени за бизнис, менаџмент и маркетинг.

Стари лица:

- ✓ Воведување повеќе форми на заштита и услуги за старите лица, согласно потребите, и обезбедување сервиси за поддршка во домашни услови.
- ✓ Реинтеграција на постарите невработени лица и обновување на нивната работна способеност според пазарот.

Лица со хендикеп:

- ✓ Промовирање и залагање за целосна пристапност и достапност на објектите на локално и национално ниво.
- ✓ Донесување локални акциони планови за правата на лицата со хендикеп.

- ✓ Отворање социјални сервиси и услуги, дневни центри, работилници за лицата со хендикеп во локалните единици.
- ✓ Континуирана реализација на економските програми за ресоцијализација преку вработувања, обуки и доквалификации, самовработување, субвенционирано вработување за корисниците кои се излезени од институциите.
- ✓ Развивање мерки и активности за вклучување на децата со хендикеп во градинките.
- ✓ Обезбедување поддршка за родителите на децата со хендикеп во основно и средно образование.

Семејство:

- ✓ Континуитет во развивање мрежа на советувалишта за лица во социјален ризик: советувалиште за родители и деца, деца во ризик, советувалиште за работа со жртви на семејно насилство, советувалиште за превенција од дрога.
- ✓ Отворање широка мрежа на советувалишта за различни ризични категории, вклучувајќи и советувалишта за одговорно родителство во соработка со граѓански организации, локалните самоуправи и центрите за социјална работа.
- ✓ Општински програми за поддршка на млади брачни парови со социјална загрозеност.

## Проекти:

- **Формирање сектор за социјална политика и труд во секоја општина -** Зајакнување на општинските институционални капацитети за справување со социјалните проблеми и проблемите со пазарот на трудот.
- **Општински фонд за социјална помош -** Со креирањето на општинскиот фонд за социјална помош ќе се институционализира социјалната помош која општините можат да ја доставуваат до социјално загрозените и маргинализирани групи. Средствата во овој фонд ќе се генерираат од општинскиот буџет и од донации од

граѓани, граѓански здруженија, меѓународни хуманитарни здруженија и општествено одговорни претпријатија.

- **Ден на солидарноста „младите кон старите“** организирање волонтерска помош од млади лица за потребите на изнемоштени стари граѓани.

## *Здрава младина за одржлива иднина*

Ние од ДОМ, новите генерации сакаме да ги видиме како личности кои се иновативни, креативни и со слободен дух, посветени и еколошки одговорни. Треба да се има слух за нивните потреби и можности. Младинската организација на ДОМ (МОДОМ) е формирана како организација која се залага за подобрување на статусот и правата на младите, преку спроведување на зелените политики.

**МОДОМ** е организација на сите млади луѓе кои се залагаат за еднакви можности за живот и напредок без дискриминација според пол, раса, вера, етничка, социјална припадност, поглед на свет, ориентација или став, сексуална ориентација, инвалидност или друга искажана или изразена различност.

Социјалните, економските и еколошките проблеми со кои се соочуват младите во денешницата предизвикуваат притисок врз нив кој бара соодветен одговор од сите нивоа на управување и поддршка за нивно надминување, но во исто време бара и младинска иницијатива и активизам.

ДОМ преку советите ќе се заложи за:

- ✓ Развивање и јакнење на капацитетите на општинските администрации како сервис за помош и поддршка на младите генерации.
- ✓ Поголема застапеност на вонучилишните активности и измена на образовните програми за децата и младината за нивно учество во општествено-корисна работа со цел за нивно поефикасно воспитување и образување.
- ✓ Подготовка на општински студии, стратегии и акциони планови за поддршка на младите.
- ✓ Општински мерки за намалување на невработеноста кај

младата популација.
- ✓ Инвестиции во изградба на капацитети каде младите ќе можат да се собираат и да ги остваруваат своите социјални, културни, економски и креативни потреби.
- ✓ Инвестиции во образовните капацитети за подобрување на условите за работа и престој на младата популација.
- ✓ Промоција и поттикнување на еколошко образование во училиштата (формално и неформално).
- ✓ Олеснување на пристапот на младата популација до здравстените услуги (вклучувајќи заштита на менталното здравје и сексуалното и репродуктивното здравје, мајчина грижа) и мерки за запирање на стигматизацијата и дискриминацијата.
- ✓ Општински програми за поддршка и стимул за креативни и иновативни, културни и економски активности на младите луѓе.
- ✓ Општински програми за социјализација на младите, оттргнување од лошите навики на живот и спречување зависности (дрога, алкохол, интернет зависност, ТВ зависност).
- ✓ Следење на потребите и проблемите на младите и нивно вклучување во процесот на донесување одлуки и спроведување активности.

## Проекти:

- **Формирање општински центри за справување со зависности** - Спроведување на законската обврска на општините да формираат центри за справување со зависности од наркотици, алкохол и друго.
- **Општински младински форум -** Општините ќе преземат иницијатива да формираат Општински младински форум преку кој младите на демократски начин ќе можат да ги презентираат своите проблеми и предлог решенија за нивно надминување.
- **Кампања: За заштита од сексуално преносливите болести**
- **Кампања: Против сексуалното искористување на младата популација (педофилија, проституција)**

- **Општинско субвенционирање на млади лица за започнување бизнис -** Општините во соработка со Агенцијата за вработување, а по Програмите за намалување на невработеноста, ќе им помагаат со финансиски средства за да отпочнат свој бизнис на млади лица кои ќе имаат иновативна бизнис идеја.
- **Општински програми за вработување на млади -** Општината во партнерство со приватниот сектор ќе организира обуки за млади луѓе, особено од маргинализираните и ранливи групи, за остручување и стекнување искуства и знаења за работните процеси. Овие лица по успешно поминатата обука ќе бидат вработувани во претпријатијата кои се партнери во проектот.
- **Младински спортски игри -** Со проектот ќе бидат опфатени неколку спортски игри, за кои постојат услови (особено по изградбата на неколкуте стотина спортски игралишта): фудбал, кошарка, тенис).
- **Едукација за правилно управување со отпад и работилници за креативна реупотреба на отпад -** Проектот ќе се фокусира на развивање на свеста кај младите за современото управување со отпад и значењето на редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот.

## ЧЕТВРТИ ПРИОРИТЕТ

# ТОЛЕРАНЦИЈА, РАЗУМ И СОРАБОТКА

ДОМ е за толеранција, разум и соработка помеѓу граѓаните, религиите, партиите. Ова е нашиот политички пристап и метод на делување, како основа за развој на демократијата.

ДОМ е партија која со мирољубив речник го пробива патот на зелените политики, со јасна цел: се стремиме кон зелена Македонија, европска Македонија, Македонија - наш дом, дом за сите. А на локалните избори 2013 се бориме за зелени општини по мерка на човекот!

Веруваме во моќта на дијалогот и ненасилството и бараме спојни точки со другиот, различниот. Сите сме сограѓани и треба да се почитуваме како луѓе, независно од разликите. ДОМ се залага за разумни, одмерени политики, кои тргнуваат од желбата да се разбере ставот и интересот на другиот. Убедени сме дека ни е заеднички интересот за просперитетна земја и организирана локална самоуправа по мерка на човекот.

ДОМ се залага за посебна грижа при воспитувањето на младите – во семејството, на училиште, во средината каде живеат. Зашто тие млади луѓе се нашата иднина, во буквална смисла. Да ги научиме на толеранција, да ги ослободиме од нашите предрасуди и стереотипи! Им го должиме тоа!

ДОМ е секогаш спремен на соработка со невладиниот сектор, со експерти, медиуми, синдикати, со секој поединец со проблем или со добра идеја. Токму таквата отвореност

во изминатите години донесла безброј решенија од интерес за различни целни групи. За нас нема мали и небитни прашања, ниту мали целни групи. Ние отвораме скриени теми, ги вадиме на површина и ги ставаме во фокусот на вниманието, за да се решат. За нас е важен секој поединец!

Поради сево ова, ДОМ е секогаш спремен да биде мост меѓу разделени страни, со сиот ризик да му се замери што останува на средина, проценувајќи од ситуација во ситуација кој работи во интерес на граѓаните и земјата.

Ние имаме на ум дека Македонија е едно транзиционо и мултикултурно општество, со голем број постоечки и потенцијални кризни жаришта. Тоа треба сите нас, во политиката, да не направи уште поодговорни и повнимателни, за да им приоѓаме со многу такт, со толеранција, разум и одмереност! Само така ќе впловиме сигурно и спокојно во пристаништето на евро-атлантските интеграции, за да се споредуваме и натпреваруваме со уредени и прогресивни општества.

## *Демократија, зелени општини, задоволни граѓани!*

Демократијата е водечки принцип на ДОМ и на Зелените насекаде низ светот. Таа подразбира партиципативен метод на политичко и социјално функционирање. Партиципативната демократија им овозможува на граѓаните проактивна улога и поттик кон демократските алатки како референдуми, граѓански иницијативи, потоа објективна информираност, лесен пристап до институциите, но и „моќ на гласот“ на сите социјални структури. При носењето одлуки да се слушне гласот на граѓаните, а не на лоби групите и поединците со бизнис интереси.

ДОМ како програмски приоритети за развој на демократијата на општинско ниво и за поголема вклученост на граѓаните во процесот на креирање политики си ги поставува:

- ✓ Вистинска претставничка демократија на општинско ниво,
- ✓ Можност за секој граѓанин да учествува во креирањето на општинските политики,
- ✓ Поддршка и застапување на граѓанските иницијативи во општината.

## Проекти

- **Кампања: Учество на граѓаните во развојот на демократијата -** Советниците на ДОМ ќе се заложат за поттикнување на граѓаните за активен однос кон локалните проблеми преку организирање Школи за демократија, Јавни разговори и дебати за локални проблеми, Школа за млади лидери. Учесници во овие едукации ќе бидат заинтересирани граѓани, НВО активисти, локалната самоуправа, ученици, студенти, жени, медиуми и др.
- **Достапни советници -** Приемна канцеларија на советниците и интернет пристап до советниците и другите избрани претставници од општината, за учество во креирањето политики за развој на општината.
- **Сите сме едно -** Целта на проектот е преку кампања и заеднички активности од општ интерес да се надминат етнички, верски и сите други разлики во сите сфери на општественото живеење и да се донесат препораки за да зачекориме во општество ослободено од предрасуди и стереотипи.с
- **Бесплатна правна помош -** Проектот им е наменет на лицата со слаба имотна состојба (невработени, пензионери со минимална пензија, други социјално загрозени лица, жртви на семејно и друго насилство), како и на граѓанските здруженија. Подрачјата се: пензиско и здравствено осигурување, социјална грижа, работнички права, права на децата, семејно насилство, наследно право, права на невработените, станбено згрижување и сл.
- **Е – општина -** Информатички пристап до сите релеватни податоци за општината.

## СОДРЖИНА:

ПРВ ПРИОРИТЕТ:
Зелени општини за здрав живот 7

ВТОР ПРИОРИТЕТ:
Зелена економија со зелени работни места 21

ТРЕТ ПРИОРИТЕТ:
Социјална правда и еднакви можности за сите, за мажи и жени 35

ЧЕТВРТИ ПРИОРИТЕТ:
Толеранција, разум и соработка 41